| | |
|---|---|
| Неделна **Тема** | Домашни животни |
| **Содржина на денот** | Нашите домашни пријатели |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Бојана Алексоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за здравите навики кои ги чуваат нашето здравје и овозможуваат правилно и здраво растење. |
| **Активности** | Активноста започнува со утврдување на знаењата за домашните животни. Додека разговарате користете едукативни слики и постери и потсетете ги децата каде живеат, кој се грижи за нив, каква корист има човекот од нив и др.<br>Потоа прочитајте го текстот на стихотворбата „Нашите домашни пријатели“<br><br>Нашите домашни пријатели<br><br>На село кај тетка ми има вол и крава,<br>волот е за орање таа млеко дава.<br><br>Имаат и два коња, магаренце едно,<br>тие се за работа а работат вредно.<br><br>Не знам колку јагненца, колку овци гледа<br>ама тие за неа многу нешто вредат. |

| | |
|---|---|
| | А и на кокошките бројот не се знае,<br>кажи тетко колку се, тетка само трае.<br><br>Нема куќа на село без куче и маче,<br>од нив често сестра ми се плаши, плаче.<br><br>Шатки, гуски, мисирки, немаше кај тетка,<br>нив ги видов завчера кај вујко ми Петка.<br><br><br>Објаснете им ги  на децата непознатите зборови и водете разговор за содржината на ситхотворбата. На поставени прашања поттикнувајте го детето да одговара со цели, граматички поврзани рецечници.<br>Повторувајте стих по стих.<br>Предложете му на детето да моделира или да црта омилено домашно животно, а на крај завршете ја активноста со подвижната игра „Мачка и врапче“. |